ШПИЦ
Среда 4 август 2010

# На Хомбах му пречи речиси цел Балкан

**Сето она што на Балканот не му се допаѓа на шефот на ВАЦ, тој го кажува во интервјуто за германскиот дневник „Ханделсблат“. Овде ги пренесуваме неговите ставови за да се слушне и неговата страна за тоа кои се причините зошто германскиот концерн сака да замине од регионов.**



Хомбах: Кажа сè што му пречи, но дали тоа е доволно за оправдување?

Југоисточна Европа за нас не е пазар на иднината и ние таму не сакаме да ги развиваме нашите активности, изјави Бодо Хомбах, директор на медиумскиот концерн ВАЦ, за германскиот деловен дневен весник „Ханделсблат“.

- Ние сме спремни за продажба на нашите интереси во Југоисточна Европа тогаш кога условите ќе станат поволни - вели Хомбах. Тоа ќе го сториме кога цената на нашите компании ќе биде профитабилна, додава тој. Но, веќе годинава германскиот концерн ќе ги продаде своите интереси во Србија и во Романија.

Како што е познато, со месеци се одвива судирот на интереси во Србија. Причина за заминувањето од досега профитабилниот балкански регион, според Хомбах, е раширената злоупотреба на политичката моќ.

- Цврстата мрежа меѓу олигарсите и политичката моќ го загадува пазарот - критикува Хомбах. Во неколку земји повеќе не постојат фер услови во однос на слободната конкуренција. Исклучок од ова правило е Хрватска, вели тој. Кога станува збор за Србија, Хомбах вели дека ВАЦ сака да ги продаде своите интереси таму поради злоупотребата на политичката моќ и клановскиот начин на водење на економијата. Сметам дека нашите поголеми компании во Србија нема да ги продадеме под куповната цена, резимира Хомбах.

Покрај ова, ВАЦ е многу блиску до заминување и од Романија преку продажба на 50 отсто од дневниот весник „Романија либера“, зделка за која се смета дека е пред склучување.

„Ханделсблат“ пишува и дека Хомбах е разочаран од развојот на настаните на Балканот:

- Олигарсите на Балканот си купуваат сè повеќе и повеќе весници и списанија, со цел да остварат политичко влијание, а не да заработат пари. Со една таква непазарна конкуренција не можете да се справите - тврди тој.

Според „Ханделсблат“, Србија е посебен случај за ВАЦ, зашто концернот чувствува дека е избркан од земјата.

- Многу непријатели на ваквото однесување во економијата на земјата молчат кога тоа им одговара или кога се плашат од репресалии. Ние не молчиме, туку се браниме и се обидуваме работите да ги изнесеме на виделина - вели Хомбах.

Тој се подготвува овој месец да замине за Брисел и за своите искуства да ги извести членовите на Европската комисија.

- Нашиот конфликт во Србија е тест за понатамошниот стопански и политички развој таму. Кога еден олигарх ќе заземе силни позиции, тој станува посилен од државата. Ова има фатални последици - вели Хомбах.

Поради ваквиот развој на настаните, концернот има намера да се сврти кон домашниот германски пазар, и тоа пред сè, на планот на интернет- економијата. Хомбах се спротивставува на впечатокот дека тој го има изградено бизнисот на ВАЦ на Балканот.

- Таа чест не ми припаѓа мене - вели Хомбах, но „Ханделсбалт“ вели дека 85 отсто од вредноста на балканските зделки се направени по 2001 година, откако тој дојде на чело на ВАЦ.

- Со оглед на тоа што Балканот го познавам долго време и многу добро, не би сакал таму да извезувам деловни модели како овој на ВАЦ, туку би сакал да бев повнимателен - заклучува Хомбах.

Вкупните приходи на ВАЦ во 2008 година изнесуваа 1,26 милијарди евра, од кои приходите од Југоисточна Европа беа околу 200 милиони евра. Бројките за 2009 година сè уште не се објавени. Во Унгарија, Бугарија, Хрватска и Македонија, ВАЦ, според сопствените изјави, е во добивка. Севкупно на Балканот концернот не е во загуба. Според процените на Хомбах, ВАЦ на Балканот е на нула - ни со добивка ни со загуби.

*Владимир Петрески*

ВО НАЈНОВИОТ БРОЈ НА ВАШИОТ ОМИЛЕН НЕДЕЛНИК ЌЕ ЧИТАТЕ




*Фотосесија со Мартина Павловска, популарната македонска манекенка која прошета по пистите во Париз и во Њујорк...*

*Интервју со реномираната пејачка на етнотузика Биља Крстиќ пред настапот на престојниот „Балкан мјузик сквер“...*

*Ви ја прераскажуваме сетејната приказна на Јана и на Коле Маневи...*

*Александар Тарабунов од студио претина в кујна...*

*Бранка Каленикова и Елена Мароска ви откриваат зошто одбојката е идеален спорт за девојки...*

*А ви нудиме и исцрпен историјат за најталиот од најталиите костими за капење...*

*Во овој број и вториот и третиот купон од последното коло на наградната игра „Четири во еден“. Нова можност за верните читатели. Собирајте и очекувајте вредни награди...*

**Читајте и уживајте во „1Е-магазин“...**

ОВАА НЕДЕЛА ИМАТЕ ПОПУСТИ ВО:
Дерма Бјути, Пер Леи, Магнус и Сла груп

## МЗТ Пумпи достави пет сетови за клиентите

МЗТ Пумпи произведе 5 сетови на пумпи за потребите на српската компанија за топлинска енергија „Београдске електране“. Овие сетови на пумпи ќе бидат инсталирани во рамките на белградскиот систем за парно греење со цел да се подобри транспортот на топлата вода до индивидуалните станови во градот.

Компанијата, исто така, произведе и три сетови на пумпи за засилување на пумпната станица во рудникот Бучим. Овие пумпни сетови се инсталирани со цел да се заштити животната средина од загадени води кои се генерираат од рудникот.

Покрај тоа, МЗТ пумпи во конзорциум со компанијата Еуроинг од Гевгелија, за клиентот УНДП произведе и инсталира уште еден сет од пумпи, исто така, за потребите на рудникот Бучим. Овие пумпи ќе бидат дел од системот за иригација и за спречување на честичките за истите да се држат надвор од амбиенталниот воздух.

## ФЛЕШ

**АУКЦИЈА** Министерството за финансии одржа две аукции. На аукцијата на шестмесечните државни записи со девизна клаузула беа понудени 1 милијарда денари, а реализацијата изнесуваше 904 милиони денари, со камата од 4,7 отсто. Банките откупија е 44,24 отсто, а 55,76 отсто останатите клиенти. На аукцијата на шестмесечните државни записи без девизна клаузула беа реализирани 1,225 милијарди денари колку што беше и понудата. Каматата на оваа аукција изнесуваше 5 отсто. Банките откупија 97,96 отсто од записите, додека преостанатите клиенти 2,04 отсто.

**Курсна листа**
**НБМ**

| држава - валута | |
|---|---|
| ЕМУ | |
| EUR | 61.5063 |
| САД | |
| USD | 47.2109 |
| БРИТАНИЈА | |
| GBP | 73.6691 |
| ШВАЈЦАРИЈА | |
| CHF | 45.4223 |

**БЕНЗИН** Според одлуката на Регулаторната комисија за енергетика цената на еуросупер БС-95 ќе изнесува 68,50 денари за литар, на еуросупер БС-98 ќе изнесува 70,00 денари, на еуродизел (Д-Е В) 56,50 денари и на екстра-лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) ќе изнесува 45,50 денари. Се зголемува и малопродажната цена на мазутот М-1 НС и ќе изнесува 32,851 денари за килограм.